ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Предлагач: Градоначалник на општина Крива Паланка
Сашко Митовски
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ПО ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2025 ГОДИНА

**27 Февруари 2026 година**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ КОЈ Е СОСТАВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНАТА / ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2025 ГОДИНА

**Потребата и законската обврска за изготвување на Годишниот извештај за единиците на локалната самоуправа е пропишано со одредбите од Законот за локалната самоуправа и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.**

**Советот на општината согласно Законот за локалната самоуправа и Статутот го усвојува Годишниот извештај. Според содржината овој Извештај дава повеќе информации во однос на Завршната сметка бидејќи истиот треба да содржи Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства, како и Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегираните надлежности.**

Годишниот извештај согласно одредбите од член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 61/04 , 96/04 , 67/07 , 156/09 ,47/11 , 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ "бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 ,170/24 и 37/25) се усвојува од Советот на општината.

Составен дел на годишниот извештај се:

- Годишната сметка ;
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата;
- Извештај за реализација на инвестициони програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и
- Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

### Извршување на буџетот на општината:

Во текот на годината извршувањето на буџетот на општината е во надлежност на градоначалникот на општината кој е потписник на сметката на буџетот на општината.

За користење на средствата од буџетот на општината се изготвуваат **месечни, квартални финансиски планови по сметки, по потпрограми и по расходни ставки.** Сметководствените и финансиските трансакции кои се поврзани со користење на средствата од буџетот на општината се евидентираат ажурно и навремено во сметководствената евиденција, што подразбира дека сите побарувања и обврски кои се однесуваат за пресметковната година целосно треба да бидат евидентирани во деловните книги за годината за кои се однесуваат.

Имајќи во предвид дека во рамките на општината функционираат општински буџетски корисници, истите се должни согласно одредбите од член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа да изготвуваат **квартални извештаи** и истите во рок од 15 дена по истекот на кварталот за кој се однесуваат да ги достават до градоначалникот.
Покрај наведеното, потребно е да се истакне обврската која ја има градоначалникот, согласно член 32 став 2, според кој е должен изготвените квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот да ги достави до Советот на општината и Министерството за финансии.

**Буџетот на Општината Крива Паланка** е изготвен во согласност со насоките за изготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа (буџетски циркулар) доставени од страна на Министерството за финансии.

**Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година** со бр.09-6325/5 од 23.12.2024 година е изгласан од Советот на Општина Крива Паланка на 48-та седница одржана на 23.12.2024 година и изнесува 607.153.577 денари, заедно со **Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година** со бр.09-6235/7 од 23.12.2024 година.

На 31.01.2025 година е донесена **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година** со бр.09-534/23 од 31.01.2025 година. Во првичниот Буџет се вклучени (проширувања), односно **Одлука за проширување на средствата на Буџетот за 2025 година** бр.09-1544/33 на 14.03.2025 година.

На 11.07.2025 година е донесен прв ребаланс, односно **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година** со бр.09-4138/17 од 11.07.2025 година.

На 01.08.2025 година е донесен втор ребаланс, односно **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година** со бр.09-4444/5 од 01.08.2025 година. Во вториот ребаланс се вклучени (пренамени), односно **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година** бр.09-6072/75 на 14.11.2025 година.

**Конечниот буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година по сите ребаланси, проширувања и пренамени изнесува 718.663.629 денари.**

## Завршна сметка / Годишна сметка:

Во законската регулатива се користат различни термини за финансиките извештаи што се подготвуваат врз основа на деловните книги/сметководствената евиденција.

Имено, според одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници се користи терминот Завршна сметка, додека според Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се користи терминот Годишна сметка.

**Завршната сметка** дава отчет за правилноста, законитоста, рационалноста, економичноста и транспарентноста во користењето на јавните средства, презентирајќи го работењето на секоја општина која се финансира со средства од буџетот. Отчетот е полесно остварлив заради фактот што финансирањето се врши по принципот на програмско презентирање (финансирање) на буџетот врз основа на претходно утврдени програми и потпрограми.

Завршната сметка се заснова на сметководствената евиденција која во текот на годината треба да се води со примена на сметководствените принципи и начела, ажурно воспоставена која на систематски и веродостоен начин ги презентира сметководствените трансакции.

Според одребите од член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по истекот на фискалната година, Советот на општината донесува **годишна сметка** на буџетот на општината. Годишната сметка ги содржи сите елементи што ги содржи буџетот на општината искажани како планирани и остварени приходи и расходи за сите општински буџетски корисници.

Градоначаникот ја доставува годишната сметка до Централен регистар најдоцна до 28 февруари во наредната година, а Советот на општината ја донесува годишната сметка најдоцна до 15 март во тековната година за претходната година и истата ја доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.

## Годишен извештај:

Донесената и усвоената Годишна сметка / Завршна сметка е составен дел на Годишниот извештај. Согласно одредбите од член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5 од 2002 година и „ Службен весник на РСМ“ 202/24) Советот на општината ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината.

**Вообичаено, Годишниот извештај ја има следната содржина:**

- **ВОВЕД:** во рамките на воведниот дел се даваат основните информации за општината:

- ○ Територијалната распространетост;
- ○ Број на жители, структура по националност, број на станбени единици , писменост , активност.

**Општина Крива Паланка се наоѓа на северно – источниот дел на РСМ.**

**Вкупно население : 18.059** **Домаќинства : 6.984**

**Национална припадност :**

- Македонци : **17.455;**
- Албанци : **7** ;
- Турци : **6** ;
- Роми : **454** ;
- Власи : **5** ;
- Срби : **70** ;
- Бошњаци : **3** ;
- Други : **104** ;
- Непознато : **9 .**

**Писменост :**

Писмени : **15.290** ( мажи : **7.885** ; жени : **7.405** ) ;
Неписмени : **227** ( мажи : **68** ; жени : **159** ) ;
Непознато : **279 .**

**Активност :** Вкупно население на возраст од 15 и повеќе години , според активноста :

**Вкупно: 15.796**
Економска активни: **7.405;**
Вработени: **5.653;**
Невработени: **1.752;**
Економски неактивни: **8.126**.

*Забелешка:* ***Податоците се од Пописот на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021 година.***

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### • ГОДИШНА СМЕТКА:

Годишната сметка на Буџетот на ЕЛС Крива Паланка за 2025 година ги содржи сите елементи што ги содржи и Буџетот на Општината искажани како планирани и реализирани приходи и расходи на сите сметки и тоа: буџетската сметка, самофинансирачката сметка, сметка на дотации, сметка на донации и сметка на кредити.

**Приходи на Општината**

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или сооднос на планираните и реализираните приходи во буџетот. Тие показатели ќе јададат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Крива Паланка со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

**Даночните приходи се остварени како резултат на:**
5.818 решенија на данок на имот (5749 решенија од физички лица и 69 решенија од правни лица), 850 решенија за фирмарина, 151 решенија за купопродажба, решенија по судски одлуки, решенија за физичка делба, 400 решенија за наследство и подарок, 19 пресметки за уредување на градежно земјиште, 24 одобренија за градење, 3 урбанистички проекти, 11 елаборати за животна средина.

**Неданочните приходи се резултат на:**
15 издадени одобренија за користење на урбана опрема, 114 излезни фактури за закупнини, 222 излезни фактури за струја и вода , и други.

Најголем дел од **капиталните приходи** се остварени како резултат на надомест за концесија

за експлатација на минерални суровини по основ на експлоатирана минерална суровина, надомест за концесија за експлатација на минерални суровини по основ на простор, продажаба на земјиште понатаму пресметки за надомест за бесправно изградени објекти, како и надомест за концесии за користење вода за производство на електрична енергија и сл.

**Трансферите** ги сочинуваат ,трансферите од Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт, Трансфери од ЈП за државни патишта, Дотациите од ДДВ и пренесениот вишок на приходи од минатата година.

**Репроценка на данок на имот**

Како позначаен процес кој продолжи да се одвива во 2025 година во општина Крива Паланка е Репроценката на данокот на имот, што впрочем претставува и законска обврска. Процесот на Репроценка е започнат од 01/04/2023 година и се работи се до месец 11/2023. Потоа, продолжува во месец 03/2024 година, а во месец 04/2024 година е стопирана, за да продолжи од 10/05/2024 година се до крајот на 2024 година. Во 2025 година процесот се реализираше од месец 02/2025 до 07/2025 За спроведување на истата се користат податоци од базата на одделението за даноци, податоци од АКН Крива Паланка, податоци од Секторот за урбанизам на Општина Крива Паланка, (посебно податоците од постапките од легализација Согласно законот за постапување на бесправно изградени објекти), како и теренска работа која ја вршат комисии формирани од вработени лица во општината. Согласно плановите за теренска работа во 2023 година беше опфатен левиот брег од градското подрачје заедно со двете најголми населени места с.Конопница и с. Мождивњак. Во 2024 беше завршен левиот брег и се отпочна со десен брег. Во 2025 година теренската работа се одвива на реоните од десен брег од градското подрачје и дел од поголемите викенд населби. Во декември 2024 година отпочна постапка за репроценка на правните субјекти на територијата на Општина Крива Паланка и истата продолжи и во 2025 година. Во текот на 2025 година се испратени писма до сите идентификувани сопственици на линиска инфраструктура на територијата на општината, со цел поднесување на даночни пријави, по што понатамошната постапка се води согласно законските прописи во рамки на тековната работа на одделението за администрирање на даноци, такси и надоместоци.

Една од најзначанјите работи во репроценката е тоа што со ваквиот начин на работа се откриваат и даночните обврзници кои не ја исполниле својата законска обврска, т.е. не го пријавиле недвижниот имот во даночното одделение.

| 2023 | | 2024 | | 2025 | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на решенија | Облог | Бр. на решенија | Облог | Бр. на решенија | Облог |
| 5290 | 6.628.929 | 5479 | 7.523.599 | 5749 | 8.266.547 |
| 68 | 3.144.666 | 69 | 3.140.600 | 69 | 2.928.727 |

**Забелешка:** Во текот на 2023 во базата на податоци за данок на имот евидентирани се 37 сторнирани решенија за данок на имот на физички лица во вкупен износ од 498.903 денари и 6 сторнирани решенија за данок на имот од правни лица во вкупен износ од 142.097 денари. За 2024 година евидентирани се 77 сторниани решенија за данок на имот на физички лица во вкупен износ од 303.111 денари и 5 сторнирани решенија за данок на имот од правни лица во вкупен износ од 175.868 денари. Во текот на 2025 во базата на податоци за данок на имот евидентирани се 127 сторнирани решенија за данок на имот на физички лица во вкупен износ од 424.384 денари и 1 сторнирани решенија за данок на имот од правни лица во вкупен износ од 2.012 денари.

- **<u>Планирани приходи :</u>**

| Планирани приходи : | Тековна година 2025 | Претходна година 2024 | Соодност на тековна г. / претходна г. |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 66,379,000 | 69,128,000 | -4% |
| Неданочни приходи | 18,795,500 | 15,753,538 | 19% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Капитални приходи | 56,888,464 | 33,071,171 | 72% |
| Трансфери | 189,330,791 | 139,132,878 | 36% |
| Блок дотации | 317,391,524 | 300,073,648 | 6% |
| Донации | 69,878,350 | 51,167,000 | 37% |
| Кредити | 0 | 107.000.000 | 0% |
| **Вкупно планирани приходи:** | **718,663,629** | **608,326,235** | **0%** |

- **Планирани расходи :**

| Планирани расходи : | Тековна година 2025 | Претходна година 2024 | Соодност на тековна г. / претходна г. |
|---|---|---|---|
| Плати , наемнини , надоместоци | 321,124,565 | 298,102,437 | 8% |
| Резерви и недефинирани расходи | 290,000 | 340,000 | -15% |
| Стоки и услуги | 147,338,760 | 158,179,766 | -7% |
| Каматни плаќања | 1,700,000 | 1,343,233 | 27% |
| Субвенции и трансвери | 32,038,519 | 34,769,700 | -8% |
| Социјални бенефиции | 1,015,000 | 1,830,000 | -45% |
| Капитални расходи | 207,786,785 | 213,391,099 | -3% |
| Отплата на главнина | 7,370,000 | 7,370,000 | 0% |
| **Вкупно планирани расходи :** | **718,663,629** | **715,326,235** | **0%** |

- **Реализирани приходи :**

| Реализирани приходи : | Тековна година 2025 | Претходна година 2024 | Соодност на тековна г. / претходна г. |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 55,006,029 | 73,162,103 | -25% |
| Неданочни приходи | 13,520,239 | 16,954,085 | -20% |
| Капитални приходи | 46,518,671 | 32,987,932 | 41% |
| Трансфери | 163,083,216 | 101,069,578 | 61% |
| Блок дотации | 305,270,908 | 281,210,832 | 9% |
| Донации | 24,379,627 | 14,791,401 | 65% |
| Кредити | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупно реализирани приходи:** | **607,778,690** | **520,175,931** | **17%** |

- **Реализирани расходи :**

| Реализирани / остварени расходи : | Тековна година 2025 | Претходна година 2024 | Соодност на тековна г. / претходна г. |
|---|---|---|---|
| Плати , наемнини , надоместоци | 316,760,589 | 290,718,993 | 9% |
| Резерви и недефинирани расходи | 172,777 | 264,130 | -35% |
| Стоки и услуги | 112,884,854 | 120,298,739 | -6% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Каматни плаќања | 1,367,711 | 1,343,233 | 2% |
| Субвенции и трансфери | 23,886,310 | 24,412,330 | -2% |
| Социјални бенефиции | 727,803 | 1,564,952 | -53% |
| Капитални расходи | 141,729,156 | 72,238,201 | 96% |
| Отплата на главнина | 7,369,017 | 7,369,038 | 0% |
| **Вкупно реализирани расходи :** | **604,898,217** | **518,209,616** | **17%** |

- **Соодност помеѓу планирани и реализирани приходи :**

| Планирани и реализирани приходи : | Планирани во тековна година 2025 | Реализирани во тековна година 2025 | Процент на остварување Реализација / Планирани |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 66,379,000 | 55,006,029 | 83% |
| Неданочни приходи | 18,795,500 | 13,520,239 | 72% |
| Капитални приходи | 56,888,464 | 46,518,671 | 90% |
| Трансфери | 189,330,791 | 163,083,216 | 86% |
| Блок дотации | 317,391,524 | 305,270,908 | 96% |
| Донации | 69,878,350 | 24,379,627 | 35% |
| Кредити | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупно планирани и реализирани приходи:** | **718,663,629** | **607,778,690** | **85%** |

- **Соодност помеѓу реализирани расходи и планирани расходи :**

| Планирани и реализирани / остварени расходи : | Планирани во тековна година 2025 | Реализирани во тековна година 2025 | Процент на остварување Реализација / Планирани |
|---|---|---|---|
| Плати, наемнини, надоместоци | 321,124,565 | 316,760,589 | 99% |
| Резерви и недефинирани расходи | 290,000 | 172,777 | 60% |
| Стоки и услуги | 147,338,760 | 112,884,854 | 77% |
| Каматни плаќања | 1,700,000 | 1,367,711 | 80% |
| Субвенции и трансвери | 32,038,519 | 23,886,310 | 75% |
| Социјални бенефиции | 1,015,000 | 727,803 | 72% |
| Капитални расходи | 207,786,785 | 141,729,156 | 68% |
| Отплата на главнина | 7,370,000 | 7,369,017 | 100% |
| **Вкупно планирани и реализирани расходи :** | **718,663,629** | **604,898,217** | **84%** |

## ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

- **Учество на вкупните приходи во рамки на консолидираниот Буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година планирани и реализирани приходи :**

○ **Соодноc помеѓу планирани и реализирани приходи :**

| Конто | Видови на приходи : | Планирани во 2025 | Реализирани во 2025 | Процент на остварување Реализација / Планирани |
|---|---|---|---|---|
| **71** | Даночни приходи | 66,379,000 | 55,006,029 | 83% |
| **72** | Неданочни приходи | 18,795,500 | 13,520,239 | 72% |
| **73** | Капитални приходи | 134,804,211 | 120,935,614 | 90% |
| **74** | Трансфери и донации | 498,684,918 | 418,316,808 | 84% |
| **75** | Домашно задолжување | 0 | 0 | 0% |
| | **Вкупно планирани и реализирани приходи:** | **718.663.629** | **607.778.690** | **85%** |

**Графикон бр.1: Планирани и реализирани приходи во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година:**




## ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ПО СМЕТКИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

**Вкупните реализирани приходи на Општина Крива Паланка за 2025 година изнесуваат 607.778.690 денари, што претставува 85% реализација во однос на вкупно планираните приходи во износ од 718.663.629 денари.**

На сметката на ***Основниот буџет*** *(Буџетската сметка)* вкупните приходи се реализирани со 85%, односно од планираните приходи во износ ос 320.230.343 денари, реализирани се приходи во износ од 272.650.186 денари.

Реализацијата на приходите во делот на **самофинансирачката сметка** изнесува 5.477.969 денари, што претставува реализација од 49% во однос на планираните приходи во износ од 11.163.412 денари.

Реализацијата на приходите во делот на **сметката на дотации** изнесува 305.270.908 денари, што претставува реализација од 96% во однос на планираните приходи во износ од 317.391.524 денари.

Реализацијата на приходите во делот на **сметката на донации** изнесува 24.379.627 денари, што претставува реализација од 35% во однос на планираните приходи во износ од 69.878.350 денари.

**Табела бр.2: План - реализација на приходи по сметки на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година:**

| СМЕТКИ ВО БУЏЕТ ЗА 2025 ГОДИНА | ПЛАН | РЕАЛИЗАЦИЈА | ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|---|
| БУЏЕТСКА СМЕТКА | 320,230,343 | 272,650,186 | 85% |
| САМОФИНАНСИРАЧКА СМЕТКА | 11,163,412 | 5,477,969 | 49% |
| СМЕТКА НА ДОТАЦИИ | 317,391,524 | 305,270,908 | 96% |
| СМЕТКА НА ДОНАЦИИ | 69,878,350 | 24,379,627 | 35% |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **718.663.629** | **607.778.690** | **85%** |



## ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

Вкупните реализирани расходи на Општина Крива Паланка за 2025 година изнесуваат 604.898.217 денари, што претставува 84% реализација во однос на вкупно планираните расходи во износ од 718.663.629 денари.

Во делот на **Буџетската сметка** реализираните расходи изнесуваат 272.650.186 денари, односно 85% реализација од планираните расходи во износ од 320.230.343 денари.

**Табела бр.1: На сметката Основен Буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година, планирани се и реализирани следните расходи:**

| КОНТО | ВКУПНО РАСХОДИ | ПЛАНИРАНИ | РЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|---|
| **40** | **Плати и надоместоци** | **62,568,000** | **59,595,344** |
| 401 | Основни плати | 39,385,000 | 37,919,560 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 15,133,000 | 14,501,627 |
| 404 | Надоместоци | 8,050,000 | 7,174,157 |
| **41** | **Резерви и недефинирани расходи** | **290,000** | **172,777** |
| 412 | Постојана резерва(непредвидливи расходи) | 140,000 | 73,333 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 150,000 | 99,444 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **72,558,997** | **62,598,121** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 935,500 | 558,061 |
| 421 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 12,945,691 | 11,435,758 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 5,168,000 | 3,812,688 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 28,550,500 | 25,999,002 |
| 425 | Договорни услуги | 16,067,000 | 13,854,520 |
| 426 | Други тековни расходи | 7,692,306 | 6,187,241 |
| 427 | Привремени вработувања | 1,200,000 | 750,851 |
| **45** | **Каматни плаќања** | **1,700,000** | **1,367,711** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 1,700,000 | 1,367,711 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **26,205,599** | **20,382,682** |
| 463 | Трансфери до невладени организации | 2,990,599 | 2,230,000 |
| 464 | Разни трансфери | 23,215,000 | 18,152,682 |
| **47** | **Социјални бенефиции** | **1,015,000** | **727,803** |
| 471 | Социјални надоместоци | 1,015,000 | 727,803 |
| **48** | **Капитални расходи** | **148,522,747** | **120,436,731** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 480 | Купување на опрема и машини | 5,765,000 | 3,421,245 |
| 482 | Други градежни објекти | 140,366,747 | 116,210,722 |
| 483 | Купување на мебел | 11,000 | 0 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 2,380,000 | 804,764 |
| **49** | **Отплата на главница** | **7,370,000** | **7,369,017** |
| 493 | Отплата на главница до други нивоа на власт | 7,370,000 | 7,369,017 |
| | **ВКУПНО:** | **320.230.343** | **272.650.186** |

Реализацијата на расходите во делот на **самофинансирачката сметка** изнесува 4.528.665 денари, што претставува реализација од 41% во однос на планираните расходи во износ од 11.163.412 денари.

**Табела бр.2: На самофинансирачката сметка на Општина Крива Паланка за 2025 година, планирани се и реализирани следните расходи:**

| КОНТО | ВКУПНО РАСХОДИ | ПЛАНИРАНИ | РЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|---|
| **42** | **Стоки и услуги** | **9,673,846** | **4,334,896** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 413,301 | 62,660 |
| 421 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 406,000 | 159,675 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 5,427,606 | 2,379,081 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 427,436 | 182,431 |
| 425 | Договорни услуги | 1,721,000 | 850,933 |
| 426 | Други тековни расходи | 728,503 | 289,365 |
| 427 | Привремени вработувања | 550,000 | 410,751 |
| **48** | **Капитални расходи** | **1,489,566** | **193,769** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 680,000 | 91,866 |
| 482 | Други градежни објекти | 410,000 | 15,000 |
| 483 | Купување на мебел | 289,566 | 86,903 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 110,000 | 0 |
| | **ВКУПНО:** | **11.163.412** | **4.528.665** |

Реализацијата на расходите во делот на **сметката на дотации** изнесува 305.270.908 денари, што претставува реализација од 96% во однос на планираните расходи во износ од 317.391.524 денари.

**Табела бр.3: На сметката на дотации на Општина Крива Паланка за 2025 година, планирани се и реализирани следните расходи:**

| КОНТО | ВКУПНО РАСХОДИ | ПЛАНИРАНИ | РЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|---|
| **40** | **Плати и надоместоци** | **258,556,565** | **257,165,245** |
| 401 | Основни плати | 182,415,986 | 181,798,926 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 71,639,179 | 71,147,523 |
| 404 | Надоместоци | 4,501,400 | 4,218,796 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **47,743,867** | **40,092,673** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 298,000 | 244,955 |
| 421 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 15,036,000 | 13,913,167 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 9,645,551 | 7,771,568 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 6,493,316 | 3,488,001 |
| 425 | Договорни услуги | 14,176,000 | 12,937,028 |
| 426 | Други тековни расходи | 2,095,000 | 1,737,954 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **3,892,920** | **3,503,628** |
| 464 | Разни трансфери | 3,892,920 | 3,503,628 |
| **48** | **Капитални расходи** | **7,198,172** | **4,509,362** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 4,013,646 | 2,931,241 |
| 482 | Други градежни објекти | 994,526 | 129,158 |
| 483 | Купување на мебел | 2,000,000 | 1,285,950 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 190,000 | 163,013 |
| | **ВКУПНО:** | **317.391.524** | **305.270.908** |

Реализацијата на расходите во делот на **сметката на донации** изнесува 22.448.458 денари, што претставува реализација од 32% во однос на планираните расходи во износ од 69.878.350 денари.

**Табела бр.4: На сметката на донации на Општина Крива Паланка за 2025 година, планирани се и реализирани следните расходи:**

| КОНТО | ВКУПНО РАСХОДИ | ПЛАНИРАНИ | РЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|---|
| **42** | **Стоки и услуги** | **17,362,050** | **5,859,164** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1,037,500 | 72,493 |
| 421 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 250,591 | 21,797 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 775,000 | 125,525 |
| 425 | Договорни услуги | 11,676,100 | 4,541,908 |
| 426 | Други тековни расходи | 3,622,859 | 1,097,441 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **1,940,000** | **0** |
| 464 | Разни трансфери | 1,940,000 | 0 |

| 48 | **Капитални расходи** | **50,576,300** | **16,589,294** |
|---|---|---|---|
| 480 | Купување на опрема и машини | 1,050,000 | 365,717 |
| 482 | Други градежни објејти | 48,016,300 | 16,223,577 |
| | **ВКУПНО:** | **69.878.350** | **22.448.458** |

**Вкупните реализирани расходи по одделни сметки во рамки на консолидираниот Буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година се претставени во следната табела:**

**Табела бр.5: План - реализација по сметки на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година:**

| СМЕТКИ ВО БУЏЕТ ЗА 2025 ГОДИНА | ПЛАН | РЕАЛИЗАЦИЈА | ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|---|
| БУЏЕТСКА СМЕТКА | 320,230,343 | 272,650,186 | 85% |
| САМОФИНАНСИРАЧКА СМЕТКА | 11,163,412 | 4,528,665 | 41% |
| СМЕТКА НА ДОТАЦИИ | 317,391,524 | 305,270,908 | 96% |
| СМЕТКА НА ДОНАЦИИ | 69,878,350 | 22,448,458 | 32% |
| **ВКУПНО:** | **718,663,626** | **604,898,217** | **84%** |

**Графикон бр.2: План и реализација по сметки на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година:**



**Вкупните реализирани расходи по програми во рамки на консолидираниот Буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година се претставени во следната табела:**

**Табела бр.7: Планирани / реализирани расходи по утврдени надлежности и програми на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година:**

| Програми | Планирани во тековна година 2025 | Реализирани во тековна година 2025 | Процент на остварување |
|---|---|---|---|
| **A – Совет на општина** | 10,302,000 | 6,601,109 | 64% |
| **V – Детски градинки** | 47,564,277 | 41,737,383 | 88% |
| **G – Локален економски развој** | 10,043,156 | 7,784,861 | 78% |
| **D – Градоначалник** | 2,257,000 | 2,136,370 | 95% |
| **E – Општинска администрација** | 80,836,000 | 75,129,364 | 93% |
| **J – Комунални дејности** | 209,395,094 | 169,299,849 | 81% |
| **K – Култура** | 40,575,801 | 20,881,550 | 51% |
| **L – Спорт и рекреација** | 24,932,943 | 6,179,308 | 25% |
| **N – Образование** | 272,412,358 | 257,916,618 | 95% |
| **W – Противпожарна заштита** | 15,745,000 | 15,076,325 | 96% |
| **R – Заштита на животна средина** | 2,100,000 | 1,003,131 | 48% |
| **F – Урбанистичко планирање** | 2,450,000 | 1,152,349 | 47% |
| **X – Родова еднаквост** | 50,000 | 0 | 0% |
| **ВКУПНО:** | **718.663.629** | **604.898.217** | **84%** |

**Графикон бр.3: Планирани / реализирани расходи по утврдени надлежности и програми на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година:**



## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ВО 2025 ГОДИНА

**Реализацијата на капиталните расходи во Вкупниот Буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година изнесува 141.729.156 денари или 68% од планираните капитални расходи во вкупниот буџет во износ од 207.786.785 денари**, што во најголема реализација на капитални расходи е на сметката на основен буџет потоа на сметката на дотации и сметката на донации ,а најмала е реализација на капиталните расходи на самофинансирачка сметка.

Вкупните реализирани капитални расходи по одделни сметки во рамки на консолидираниот Буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година се претставени во следната табела:

**Табела бр.1: План - реализација на капитални расходи по сметки на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година:**

| СМЕТКИ ВО БУЏЕТ ЗА 2025 ГОДИНА | ПЛАН | РЕАЛИЗАЦИЈА | ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|---|
| БУЏЕТСКА СМЕТКА | 148,522,747 | 120,436,731 | 81% |
| САМОФИНАНСИРАЧКА СМЕТКА | 1,489,566 | 193,769 | 13% |
| СМЕТКА НА ДОТАЦИИ | 7,198,172 | 4,509,362 | 63% |
| СМЕТКА НА ДОНАЦИИ | 50,576,300 | 16,589,294 | 33% |
| **ВКУПНО:** | **207,786,785** | **141,729,156** | **68%** |

**Реализацијата на капиталните расходи на сметката на Основен Буџет на Општина Крива Паланка изнесува 120.436.731 денари или 81% од планираните капитални расходи во основен буџет во износ од 148.522.747 денари.**

Истите се реализирани на конто **480 (купување опрема и машини)** во износ од **3.421.245 денари**, од кои најголем дел се направени по развојната програма ЈНА за набавка и поставување на урбана опрема за детски катчиња и спортски терени, потоа купување на информатичка видео опрема и др .

На конто ***482 (други градежни објекти)*** вкупно е реализиран износ од ***116.210.722*** **денари**, средства кои во најголем дел се искористени за:

- Изработка на техничка документација и подготвување на проекти за нискоградба (улици, патишта, водоснабдителни и канализациони системи) е реализиран износ од 1.366.894 денари;
- Изградба на локален пат Б`с – Кошари средства добиени преку БРР (цесија), износ од 4.000.806 денари;
- Изградба на спортски трибини средства добиени од Министерство за спорт доделени се средства и се реализирани со износ од 1.814.120 денари .
- Реконструкција и рехабилитација на локална патна мрежа во Општина Крива Паланка , по развојна програма ЈДА износ од 6.734.297 денари;

- Реконструкција и рехабилитација на патен правец „ Калин Камен“ средства добиени од Министерство за транспорт, по развојна програма ЈДБ, реализирани се со износ од 12.223.355 денари;
- Реконструкција на дел од Ул.Св Јоаким Осоговски делница од Единство со изведба на нова адмосферска канализација“ среддства добиени од Министерство за транспорт, по развојна програма ЈДВ, реализирани се со износ од 11.511.814 денари;
- Изградба на Катна гаража кај градски пазар, средства добиени од Министерство за транспорт по развојна програма ЈЕА, реализирани се со износ од 48.867.653 денари.
- Изградба на канализација м.в Трнци кај с. Конопница, средства добиени од МЖСПП реализирани се со износ од 4.999.977 денари.
- Реконструкција на Осички мост средства добиени од Министерство за транспорт и врски, износ од 6.809.306 денари;
- Изградба на спортско рекреативни игралишта по развојна програма ЈНА износ од 1.280.000 денари;
- Реконструкција на капацитети во енергетиката, обврски по основ на Јавно приватно партнерство за јавно осветлување кон приватниот партнер Македонски Телеком – ЕСКО во износ од 7.401.400 денари;
- Изградба на други објекти ЈЛ со износ од 6.640.948 денари;
- Реконструкција на улици и патишта ЈД со износ од 2.086.287 денари;
- Реконструкција на други објекти ЛУ Градски Музеј реализирани се со износ од 473.865 денари.

На конто ***485 (вложувања и нефинансиски средства)*** вкупно е реализирано со износ од **804.764 денари** од кои 793.653 денари се потрошени за експропријација,односно надомест на одземен имот, и 11.111 денари за купување на Музејски експонати во ЛУ Градски Музеј.

**Реализацијата на капиталните расходи на сметката на Самофинансирачки активности е 193.769 денари или 13% од планираните капитални капитални расходи на сметка на Самофинансирачки активсности во износ од 1.489.566 денари.** Истите се направени од Детската градинка и ЛУ Градски Музеј на конто **480** (купување на опрема и машини) со износ од 91.866 денари ,на конто **482** (други градежни објекти) со износ од 15.000 денари и на конто **483** ( купување на мебел ) со износ од 86.903 денари.

**Реализацијата на капиталните расходи на Сметката на Дотации е 4.509.362 денари или 63% од планираните капитални капитални расходи на сметка на Дотации во износ од 7.198.172 денари.** Истите се направени од страна на детската градинска, двете основни и средното училиште во општината. На конто **480** (купување на опрема и машини) износ од 2.931.241 денари за набавка на компјутерска опрема, опрема за греење и климатизација и слично,на конто **482** (подготвување на проекти, надзор ) со износ од 129.158 денари, на конто **483** (купување на училишен и канцелариски мебел) со износ од 1.285.950, на конто **485** ( книги за библиотека) со износ од 163.013 денари.

**Реализацијата на капиталните расходи на сметката на Донации е 16.589.294 денари или 33% од планираните капитални капитални расходи на сметка на Донации во износ од 50.576.300 денари.** Истите произлегуваат од:

*Проект „Подобрување на животот на жителите од рурални средини“* преку УНДП за изработка на техничка документација за пат во с Градец и мост на Крива Река во мв.

Крстата падина реализирани на конто **482 (други градежни објекти) износ од 378.000 денари**.

*Проект „Земја на легендите“* кој се реализира од програма за прекугранична соработка со град Лесковац, Р. Србија за партерно уредување на историски локалитет во с. Градец, реализирани на конто **482 (други градежни објекти ) со износ од 900.000 денари.**

*Проект „ПАРКС“ од програмата за прекугранична соработка со Бугарија помеѓу Дупница и Крива Паланка* за изградба на парк под зградите во населба Единство и поставување на мерни станици за квалитет на воздух, реализирани се најголем дел од капитални расходи на конто **480 и 482 (купување на друга опрма и други градежни објекти ) со износ од 10.948.252 денари.**

*Проектот „ Адреналински парк“ кој се реализира од програмата за прекугранична соработка со Бугарија, водечки парнер е Општина Кустендил и уште четири и Општина Крива Паланка на локалитетот кај Калин Камен.* Реализирани се капитални расходи на конто **482 ( други градежни објекти) со износ од 1.812.915 денари.**

*Проектот на ЛУ Градски Музеј „Културна област -заедница на културно наследство и привлечен туризам во сите сезони“.Реализирани се капитални расходи на конто **482 (други градежни објекти ) со износ од 2.550.127 денари.***

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

***Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност***

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е составен дел на Извештајот. Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За утврдување на реалната состојба на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општината беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалник.

Според извештајот на комисија за попис утврдени се следниве податоци во Билансот на состојба.

| | |
|---|---|
| ***Други нематеријални права*** | ***578.164,00 денари*** |
| Исправка на вредноста на др.нематеријални права | 552.710,00 денари |
| Сегашна вредност | 25.454,00 денари |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените.

| | |
|---|---|
| ***Земјиште*** | ***4.997.629,00 денари*** |

| | |
|---|---|
| ***Градежни објекти*** | ***1.354.773.966,00 денари*** |
| Исправка на вредноста | 86.668.820,00 денари |
| Сегашна вредност на градеж.објекти | 1.268.105.146,00 денари |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, зграда на ЛУ Градски музеј училишни простори, објекти во урбаните заедници, објекти во касарната, Европска куќа (зграда 1 КП 1749), Речно корито на К.Река, водоводи, канализации,

мостови, резервоари, потпорни ѕидови, спортски комплекс.

***Опрема*** **73.455.019,00 денари**
Исправка на вредноста на опремата 59.063.250,00 денари
Сегашна вредност 14.391.769,00 денари
Ново набавени се компјутери, принтери, сталажи за потребите на Општината, пп опрема и апарати за ТППЕ на општина Крива Паланка.

***Инвестиции во тек*** ***145.184.080,00 денари***
Во инвестиции во тек се систем за јавно осветлување , реконструкција на Осички мост, Регулација на Куков дол.

***Долгорочни финансиски вложени и здружени средства*** ***167.389,00 денари***
Во оваа категорија е основачки влог на Општина Крива Палнака на Центар за развој на Североисточен плански регион (за отпад).

**Во класата 9- Извори на средства и вонбилансна евиденција** **1.322.666.565,00 денари**
Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, основачките влогови на општината, дел од капиталните инвестиции на општината ( изградба и реконструкција на водоводни системи , канализациона мрежа, изградба и реконструкција на патишта, реконструкција на мостови, залихата на материјали за улично осветлување и канцелариски материјали, објекти и, возниот парк , опремата , канцелариски мебел и други долгорочни обврски – систем за улично осветлување.)

**Материјали, резервни делови и ситен инвентар:**

**Материјали на залиха на 31.12.2025 година има вкупно 52.484денари и тоа:**

Канцелариски материјали .......................................................52.484

**Ситниот инвентар на 31.12.2024 има вредност од 731.691 денари , е отпишан , но е во употреба.**

Според извештајот на пописна комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

- **Состојба на паричните средства на сметките на општината на 31.12.2025 година:**

| ВИДОВИ НА СМЕТКИ | ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (САЛДО) |
|---|---|
| 1. Буџетска сметка | 12,725,354 |
| 2. Наменска сметка- дотации | 9,309,718 |
| 3. Самофинансирачка сметка | 6,242,716 |
| 4. Донаторска сметка | 2,400,889 |
| **ВКУПНО :** | **30,678,677** |

- **Состојба на ненаплатени побарувањата на општина на 31.12.2025 година :**

| ПОБАРУВАЊА | ИЗНОС |
|---|---|
| 1.Данок на имот од физички и правни лица | 23,475,095 |
| 2.Комунална такса за истакнување на фирми | 20,869,424 |
| 3.Побарувања по основ на комуналии | 634,033 |
| 4.Побарувања по основ на закупнини – кирија | 915,825 |
| 5.Закуп на јавна површина | 402,182 |
| 6.Побарувања по основ на бесправно изградени објекти – легализација | 341,831 |
| 7.Комунална такса за јавна чистота | 1,681,330 |
| 8.Побарувања од министерства – фактури | 311,243 |
| 9.Побарувања од ХИДРО ОСОГОВО ДОО | 3,309,296 |
| **ВКУПНО:** | **51,940,259** |

**Вака изразениот приказ на годишната сметка за 2025 година јасно ни покажува дека планираните и реализираните приходи и расходи за 2025 година се реални и наменски трошени.**

- **Состојба на обврските:**
  - **Долгорочни обврски – ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА**

**Задолжувањето на Општина Крива Паланка по основ на кредитирање произлегува од 2 кредита .**

- ✓ **Првиот кредит** е од земениот заем од Светска Банка преку Министерството за финансии во 2013 година за подобрување на општински услуги во износ од 51.550.539 денари , со грејс период од 3 години.Истите се искористени за изградба и реконструкција на улици и изградба на мост на Куков Дол.
  **Од овој кредит , останува за враќање уште 5.155.035 денари заклучно 31.12.2025 година се исплатени последните 2 рати со вкупен износ од 5.155.035 денари по основ од овој кредит повеќе нема задолжување САЛДО 0 денари.**

- ✓ **Вториот кредит** е од земениот заем во 2020 година од МСИП – Втор проект за подобрување на општински услуги во износ од 22.139.818 денари , со грејс период од 3 години и отпочнува со плаќање во 2023 година. Истите се искористени за регулација на минор корито на Крива Река – дел 1 во Општина Крива Паланка.
  **Од овој кредит останува за враќање 17.711.854 денари заклучно со 31.12.2025 година исплатени се 2 рати со вкупен износ од 2.213.982 денари од овој кредит останува за враќање / задолжување од 15.497.872 денари.**

- ✓ **Вкупното задолжување по основ на кредитирање заклучно со 31.12.2025 година изнесува 15.497.872 денари.**

**ОБВРСКИ НА ОПШТИНАТА**

- ✓ Вкупните обврски на општината за 2025 година изнесуваат 86.014.160 денари од кои, доспеани обврски изнесуваат 41.818.121 денари, а недоспеани обврски изнесуваат 44.196.039 денари.

Вкупните обврски по фактури заклучно со 31.12.2025 година изнесуваат 86.014.160 ,односно:

1. Тековно оперативно обврски изнесуваат 18.661.038 денари,

2.Капитални обврски изнесуваат 67.353.122 денари од кои **обврски по развојни програми се**

**61.170.176 денари** и тоа:

- **JDA (2024-2027)** – реконструкција одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка ,износ од 10.468.673 денари;
- **JDB (2025-2027)** – реконструкција на дел од улица Св.Јоаким Осоговски делница од Единство до спој со пат А2,износ од 12.640.063 денари.
- **JEA (2024-2027)** – поставување на урбана опрема монтажно-демонтажен објект Катна Гаража, износ од 23.066.227 денари;
- **JNA (2024-2027)** – Изградба на спортско рекреативни и детски игралишта, износ од 13.406.523 денари;
- **LAA** – изградба на трибини на спортскиот комплекс, износ од 1.588.690 денари.

## • Краткорочни обврски

| **Состојба на обврски 31.12.2025** | **Тековна година 2025** | **Претходна година 2024** |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи | 86.014.160 | 25.192.478 |
| Обврски за надом.за советници за м.10,11 и 12/2025 | 1.143.255 | 706.650 |
| Обврски за пресметка na плата 12/2025 | 4.152.822 | 5.216.031 |
| Обврски за стипендии за м.10, 11 и 12/2025 | 324.000 | 210.000 |
| Обврски за Договорни услуги и обврска за пер. данок | 330.001 | 667.220 |
| Обврски за убанистичка комисија за м.10 и 11/2025 | 73.332 | 99.000 |
| Обврски за комисија за легализација за м.8,9 и 10/2025 | 45.405 | 49.569 |
| Обврски за бонус плата | 137.463 | 36.614 |
| Новороденчиња | 180.009 | 10.000 |
| Обврска за субвенција за запишани во прва година за м.11 и 12/2025 | 1.704.274 | 696.000 |
| Вонсудски спогодби за ТППЕ | 160.000 | 1.008.430 |
| Обврски за јубилејни награди за 2 лица ТППЕ плус пер.данок | 91.642 | 177.460 |
| Еднократна помош и пер.данок | 10.000 | |
| Експропријација | 69.911 | |
| **Вкупно:** | **94.436.274** | **34.069.452** |

## • Извештај за трошење од резерви и недефинирани расходи

Извештај за трошењето на средствата од резервите од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година ,кои се однесуваат на резервите, **остварена е вкупна реализација од 172.777 денари**.

**Од програма А0 – Совет на општина ставка – постојана резерва (непредвидливи расходи) исплатени се во износ од 73.333 денари.**

Со Одлука бр.09-4138/21 11.07.2025 година Советот на Општина Крива Паланка доделува **40.000 денари** на име „ Финансиска подршка за Сара Стефановска за учество на Европската олимпијада по информатика во Бон - Германија

Со Одлука бр.09-1079/95 од 24.02.2025 година Советот на Општина Крива Паланка доделува **33.333 денари** на име „ Финансиска помош за Дејви Ивановски.

**Од програма D0 – Градоначалник, ставка – Тековна резерва (разновидни расходи), исплатени се во износ од 99.444 денари .**

Согласно со донесено решение од Градоначалник реш.бр.08-368/1 од 16.01.2025 година , исплатени се **36.111 денари** како финансиска парична помош на Никола Митовски за печатење на книга„ Ехо на Љубовта“ .

Согласно со донесено решение од Градоначалник реш.бр.08-1997/2 од 01.04.2025 година , исплатени се **33.333 денари** како финансиска парична помош на Моника Јовановска Стоименовска за одење на натпревар (Јорданчо и Филип за интернационален гастрономски натпревар во Сплит) .

Согласно со донесено решение од Градоначалник реш.бр.08-915/5 07.04.2025 година, исплатени се **30.000 денари** како финансиска парична помош на Миле Митевски за меморијален фудбал во мал фудбал „ Блаже Митевски - Баге“ .

- **Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка**

Одговорниот сметководител потврдува дека начинот на водење на книговодството е регулирано со Законот за сметковдство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Изготвувањето на завршната сметка која се состои од биланс на приходи и расходи и биланс на состојба се базира на примена на законската регулатива, сметководствените принципи и начела. Основните финансиски извештаи даваат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата.

Основните финансиски извештаи се чуваат трајно и нивниот облик и содржина ги пропишува Министерот за финансии.

**ИЗГОТВИЛ:**

**Одделение за финансиски прашања**

**Љупка Ангеловска** ____________

**Валентина Димитрова** ____________

**Димитар Петровски**____________

# И З Ј А В А

Од Димитар Петровски, вработен во Одделение за финансиски прашања во Општина Крива Паланка, на работното место Советник-Одговорен сметководител.

Изјавувам дека податоците во завршната годишна сметка на Општина Крива Паланка за 2025 година, како и Годишниот извештај на Општина Крива Паланка за 2025 година се точни и веродостојни.

Советник – Одговорен сметководител

Димитар Петровски

_______________________________

27.02. 2026 година
Крива Паланка